## РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**Проектот за подобрување на социјалните услуги**

## ЈАВЕН ПОВИК ДО ОПШТИНИТЕ И ОПШТИНИТЕ

## ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ДА ИЗРАЗАТ ИНТЕРЕС ДА АПЛИЦИРААТ ЗА ГРАНТ ЗА РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

Министерството за труд и социјална политика ги повикува општините во Република Северна Македонија да изразат интерес за учество во реализација на "**Проектот за подобрување на социјалните услуги**" финансиран со средства од заем на Светска банка.

Една од главните цели на проектот е развој и подобрување на квалитетот на социјалните услуги во локалните заедници, согласно потребите на граѓаните и зголемување на пристапот до социјалните услуги наменети за ранливите групи на граѓани, постарите лица, лицата со попреченост и други лица, за што се обезбедени вкупно 10,8 милиони евра, за период на имплементација од 5 години.

Општините ќе може да аплицираат за Грантови наменети за проекти за развој на социјални услуги во локалните заедници, вклучувајќи непосредна социјална услуга, помош на индивидуа или семејство, домашна нега, лична асистенција, дневна нега, привремена грижа, мали групни домови, дневни центри и услуги за живеење со поддршка и други иновативни услуги во заедницата;

Грантовите ќе бидат финансирани од МТСП и ќе бидат насочени кон развој на услуги што ќе ги обезбедуваат општините или во соработка со други даватели на услуги. Средствата од грантот ќе бидат наменети за воспоставување на услугата и финансирање на услугата по корисник по утврдена цена на услугата во наредните 12 месеци.

Во рамките на проектот обезбедена е техничка помош за општините за проценка на потребите и побарувањата за социјални услуги на локално ниво во периодот додека трае повикот за изразување на интерес.

На општините кои ќе изразат интерес за добивање грант за развој на социјални услуги, ќе им се обезбеди директна поддршка за подготовка на документите за апликација, вклучувајќи ги и предлог-проектите од страна на експерт ангажиран во рамките Проектот.

За подетални информации Ве молиме да ја посетите веб страната на МТСП www.mtsp.gov.mk (проект за подобрување на социјалните услуги) или директно на dtomsic@mtsp.gov.mk.

Формуларот за пројавување на интерес можете да го најдете на страната на МТСП

http://www.mtsp.gov.mk/proekt-za-podobruvanje-na-socijalnite-uslugi.nspx (проект за подобрување на социјалните услуги)

Краен рок за Изразување на интерес за добивање на Грантови за развој на социјални услуги е 31.10.2019 година.